Оваа годишна работна програма е финансирана од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

ХИВ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

добри практики за разрешување на повреди на човекови права и слободи на луѓе што живеат со ХИВ

Содржина

ВОВЕД 1

СЛУЧАИ РЕШЕНИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО 2

Одбивање стоматолошка услуга: случај од Словенија 2

ХИВ како основа за отказ: случај од Грција 3

СЛУЧАИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 5

Повреда на правото на приватен и семеен живот (И. против Финска) 5

Повреда на правото на приватен и семеен живот (М.К. против Украина) 6

РЕЗИМЕ 8

ВОВЕД

Институционалната заштита на човековите права и слободи е исклучително важна со цел да се ефектуира нивната универзалност, неотуѓивост, неделивост и неспорност. Меѓутоа, често институционалниот одговор на повредите на човековите права и слободи зависи од конкретната засегната индивидуа и/или од контроверзноста на прашањето. Правата на лицата кои живеат со ХИВ не се исклучок, туку, напротив, чест пример како институциите може да сторат дополнителна повреда на човековите права и слободи или ефективно да оспорат остварување на некое право на членовите на заедницата.

Република Северна Македонија има генерално задоволителна правна рамка за човековите права и слободи, земајќи ги предвид и ратификуваните меѓународни конвенции и правни акти за човекови права и слободи. Меѓутоа, како и во останатите области, проблемот се јавува во примената на законите, што е забележано и во годишниот Извештај за Република Северна Македонија за 2022 година од Европската комисија на Европската Унија.[1] Во таа насока, корисно е да се дадат насоки за примена на правните одредби за човековите права и слободи, со цел да се создаде фактички ефект на веќе постоечките и важечките одредби од домашната правна рамка.

Во оваа брошура претставуваме неколку примери на институционална заштита во индивидуални случаи од регионот и пред Европскиот суд за човекови права, со цел да се илустрираат добри практики при повреда на правата на лицата што живеат со ХИВ. Се надеваме дека овие примери може да послужат како насоки за посоодветно постапување на институциите на Република Северна Македонија при повреда на човековите права и слободи на луѓето што живеат со ХИВ.

1 Види повеќе: European Commission, European Union, North Macedonia 2022 Report, SWD(2022) 337, 2022.

СЛУЧАИ РЕШЕНИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Одбивање стоматолошка услуга: случај од Словенија

Во март 2016 година, лице што живее со ХИВ посетило стоматолошка ординација, со тоа што уште при првата посета го открило својот ХИВ-статус.[2] Здравствениот работник го испратил пациентот на снимање со рендген, по што кога овој се вратил, здравствениот работник го посоветувал да замине кај друг лекар. Пациентот го пријавил случајот кај Народниот правобранител за правата на пациентите, кој, пак, ја контактирал Лекарската комора. И покрај многуте електронски пораки и писма до Комората, ниту Народниот правобранител ниту пациентот добиле некаков одговор. Пациентот се обратил и до Инспекторатот за здравствена заштита, од каде што одговориле дека надлежно тело за случајот е Комората. По таквите околности, пациентот одлучил да најми адвокат и била започната постапка за медијација. По изминување цела година, здравствениот работник му вратил на пациентот одговор преку електронска пошта, велејќи дека однесувањето на здравствениот работник било „понижувачко“ и „дискриминаторско“.

Незадоволен од одговорот на лекарот, пациентот одлучил да го тужи лекарот за дискриминација врз основа на здравствена состојба. Во април 2018, првостепениот суд донел одлука со која одлучил дека лекарот сторил дискриминација. По жалба од страна на лекарот, пресудата била потврдена од страна на судот во Марибор во јули 2018.

Она што е од значаен интерес е дека одбраната на лекарот се состоела од тоа дека имало само еден сет одредени стоматолошки инструменти и тие не можело да се стерилизираат во едно попладне, но ова не било прифатено од страна на судот. Таквото размислување на судот е особено значајно, особено во контекст на Република Северна Македонија, од неколку причини:

i. Најчесто прекршено право на лицата што живеат со ХИВ е правото на здравствена заштита, преку одбивање здравствена услуга или обелоденување на ХИВ-статусот надвор од комуникацијата помеѓу здравствен работник и пациент;

ii. Најчестите сторители на прекршување на човековите права и слободи на лицата што живеат со ХИВ се здравствените работници;

2 Пресуда на Вишиот суд во Марибор I Cp 494/2018 од 10.07.2018. Пресудата е достапна на следниот веб-линк: https://www.sodnapraksa.si/?q=*:*&database%5bSOVS%5d=SOVS&database%-5bIESP%5d=IESP&database%5bVDSS%5d=VDSS&database%5bUPRS%5d=UPRS&_submit=i%C5%A1%C4%8Di&id=2015081111423054

iii. При одбивање здравствена услуга, здравствените работници честопати се повикуваат на наводниот ризик на вработените или потребата од посебни мерки при лекување лица што живеат со ХИВ, кои не се достапни во нивната ординација.

Оттука, особено е важно мислењето на судот дека одбивањето здравствена услуга со оправдување дека не постојат услови или простор за дополнителни мерки е незаконска и претставува дискриминација.

Таквиот случај на дискриминација на лице што живее со ХИВ е прв во Словенија што добил судска разрешница и се однесува на правото на здравствена заштита.

ХИВ како основа за отказ: случај од Грција

Лице што живее со ХИВ (родено 1980 година, од Атина) во 2005 година споделило со тројца свои колеги дека мисли оти се инфицирал со ХИВ. Додека бил на годишен одмор, лицето направило ХИВ-тест, што излегол позитивен. За време на годишниот одмор, колегите на коишто лицето им го соопштил стравот дека е можеби инфициран со ХИВ се обратиле писмено до директорката на фирмата барајќи да го отпушти лицето пред да се врати на работа од годишниот одмор. Во меѓувреме, информацијата се проширила во фирмата, која броела околу 70 вработени и директорката добивала константни барања за отпуштање на лицето. Директорката поканила експерт за безбедност и здравје при работа, кој би им објаснил на вработените за начинот на пренесување на вирусот и мерките за заштита, но таквата постапка била залудна. Директорката имала идеја да го префрли лицето во друг сектор на друга локација, но шефот на тој сектор одбил да работи со лице што е ХИВ-позитивно. Понатаму, директорката му понудила на лицето да му помогне да основа сопствен бизнис или да го пријави на курс, доколку даде отказ. По одбивање на таквите опции од страна на лицето, директорката му дала отказ на лицето.

Лицето ја тужело фирмата тврдејќи дека отказот е поврзан исклучиво со здравствената состојба, без да се земе предвид неговиот ангажман во фирмата, а потпирајќи се врз неосновани здравствени и социјални предрасуди, односно врз неосновани сфаќања за начините на пренесување ХИВ и за наводна припадност на социјални групи кои се најмногу засегнати од ХИВ.

Првостепениот и второстепениот суд во Грција одлучиле во полза на лицето, со тоа што наведуваат дека решението за отказ е незаконско и е засновано исклучиво врз здравствената состојба на лицето. Дополнително, второстепениот суд утврдува дека одбраната на работодавачот дека отказот бил даден за да се осигури „функционирањето на бизнисот“ е неоснована. Судот го базира таквиот заклучок врз фактот што не постоел ризик за вработените, со оглед на начинот на пренесување на вирусот, како што и објаснил експертот за безбедност и здравје при работа.

Па така, судот заклучил дека не постои научно објаснување дека присуството на вработениот ќе го наруши функционирањето на бизнисот и дека единствената основа за отказ биле предрасудите на работодавачот, под притисок на вработените.

Овој случај е од посебено значење, особено за Република Северна Македонија, која нема судска пракса за ХИВ на работното место. Размислувањето на грчките судови, кое е потврдено од Европскиот суд за човекови права[3], дава насока дека лицата што живеат со ХИВ не претставуваат ризик за другите вработени на своите работни позиции и отпуштање на лице што живее со ХИВ поради ризик на работното место е незаконско и дискриминаторско.

3 Види повеќе: I.B. v Greece, Application no. 552/10, Final judgement on 03.01.2014.

СЛУЧАИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Европскиот суд за човекови права е меѓународен суд што одлучува по поднесени апликации од индивидуи и од правни лица против државите што ја потпишале и ја ратификувале Европската конвенција за човекови права и слободи, за прекршување права содржани во самата Конвенција. Пресудите на Европскиот суд за човекови права се од особено значење бидејќи тие не само што се задолжителни за исполнување од страна на држава против која се водела постапката во конкретниот случај, туку претставуваат аргументација и интерпретација на правата содржани во Европската конвенција за човекови права и слободи.

Повреда на правото на приватен и семеен живот (И. против Финска)[4]

Жалителот е лице што живее со ХИВ од 1987 година, кое работи како медицинска сестра во една од поликлиниките во здравствениот дом. Во 1992, жалителката се посомневала дека нејзините колеги се запознаени со нејзиниот ХИВ-статус. Во тој период, целиот медицински персонал имал пристап до регистарот на пациенти, што содржел информации за дијагнозите на пациентите и за имињата на лекарите кои ги лекувале. Затоа, жалителката била регистрирана под друго, лажно име и ѝ бил променет здравствениот регистрациски број. На 25 ноември 1996, жалителката изјавила жалба до Регионалниот административен одбор, барајќи да испитаат кој имал пристап до нејзиното медицинско досие. Одборот одлучил дека не е возможно да се докаже кој имал пристап до нејзиното медицинско досие и дали информациите од досието се обелоденети надвор од болницата. Одборот дал насоки болницата да направи промена во системот со цел да се увиди кој и кога имал пристап до индивидуални медицински досиеја, што болницата го исполнила. Во мај 2000 година, жалителката почнала судска постапка против државниот орган надлежен за регистарот за пациенти. Првостепениот суд го одбил тужбеното барање на жалителката, немајќи докази дека било незаконски пристапено до медицинското досие. Второстепениот суд ѝ верувал на жалителката дека информацијата за нејзиниот ХИВ-статус била споделена помеѓу нејзините колеги, со оглед на префрлувањата на колегите во текот на работата, меѓутоа немал докази да пресуди во нејзина корист. На 20 јуни 2003 година, жалителката започнала постапка против Финска пред Европскиот суд за човекови права за повреда на Европската конвеција за човекови права и слободи.

Европскиот суд за човекови права нашол повреда на член 8 од Европската конвенција за човекови права и слободи – право на приватен и семеен живот. Судот проценува дека неправилно е префрлен товарот на докажувањето врз

4 Види повеќе: I v. Finland, Application no. 20511/03, Final judgment on 17.10.2008.

жалителката, со тоа што требало да докаже дека до информацијата е незаконски пристапено. Имено, Судот вели дека доколку болницата имала систем во којшто информацијата за ХИВ-статусот е видлива само за оние здравствени работници кои се задолжени за лекувањето на пациентот или системот регистрирал кои здравствени работници пристапиле кон медицинското досие, жалителката немало да има такви тешкотии за докажување пред домашните судови.

Она што е од особено значење е дека Судот придава огромна важност на доверливоста на медицинските податоци и на законската обврска државата да има механизми да ги заштити ваквите податоци. Дополнително, Судот создава еден вид насока во однос на ХИВ како медицински податок, односно ХИВ-статусот да е достапен само на оние здравствени работници кои се инволвирани во неговото лекување.

Повреда на правото на приватен и семеен живот (М.К. против Украина)[5]

Жалителот е службеничка за гранична контрола која била повикана на редовен медицински преглед во месец декември 2005 година во воената болница со цел да се утврди дали е способна да ја продолжи воената служба. Додека била во болница, на жалителката ѝ бил направено, помеѓу другото, и ХИВ-тест, којшто излегол позитивен. При отпустот од болницата, добила отпусен извештај во којшто се спомнуваат тестовите што ѝ биле направени и дијагнозите. Во истиот тој извештај не е наведено дека е направен ХИВ-тест и неговиот исход. По неколку дена, воено-медицинскиот совет, со којшто претседавал директорот на воената болница, издал потврда за болест според која жалителката боледува од хепатитис Ц, ХИВ и други болести. Од таа причина, таа била прогласена за несоодветна за воена служба. Оваа потврда била испратена до воената единица каде што служела жалителката и таа била отпуштена од воената служба. Жалителката тврди дека никогаш не била запознаена со тоа дека тестирањата на крвта вклучуваат и ХИВ-тест. Иако признава дека потпишала многу документи при излегување од болницата, вклучително и согласноста за тестот, таа тврди дека не ги прочитала документите бидејќи не ги разбирала и во моментот не се чувствувала добро. Освен со нејзините претпоставени на работното место, нејзините медицински податоци (здравствената состојба) биле споделени со нејзиниот партнер и со нејзината мајка.

Во мај 2008 година, жалителката започнала судска постапка против болницата пред судот во Одеса. На 3 ноември 2011 година, првостепениот суд ја отфрлил тужбата како неоснована. Имено, судот сметал дека жалителката не докажала дека ХИВ-тестот бил направен без нејзино знаење и дека на жалителката ѝ биле соопштени резултатите. Жалителката ја обжалила одлуката на судот пред

5 Види повеќе: M.K. v. Ukraine, Application no. 24867/13, Final judgement on 15.12.2022.

второстепениот суд во Одеса. Во својата одлука, донесена на 6 април 2012 година, второстепениот заклучил дека: а) жалителката знаела за тестот, со оглед на тоа што имала потпишано согласност, б) лица што живеат со ХИВ се несоодветни за воена служба, според регулативата, в) отпусниот извештај не содржел информации за ХИВ-тест и за ХИВ-статус, бидејќи според регулативата, податокот е анонимен и доверлив, г) во согласност со регулативата, потврдата за болест морало да се сподели со претпоставените, д) ХИВ-статусот не бил споделен со мајката на жалителката (и покрај тоа што мајката на жалителката сведочела дека дознала од докторите) и ѓ) доколку се случило обелоденувањето, таквото обелоденување служело за да може мајка ѝ да ѝ даде поддршка на жалителката. На 19 октомври 2012, одлуките биле потврдени и од повисокиот суд. Кривичната постапка против здравствените работници исто така не вродила со плод. По таквиот исход на постапките во Украина, во април 2013 жалителката поднела жалба до Европскиот суд за човекови права.

Европскиот суд за човекови права нашол повреда на член 8 од Европската конвенција за човекови права и слободи – право на приватен и семеен живот. Судот утврдил дека болницата го повредила правото на приватен и семеен живот, со тоа што направила ХИВ-тест без знаење на жалителката и резултатот не ѝ бил соопштен, како и со тоа што дијагнозата ја споделила на трета страна, што претставува и кривично дело, во согласност со правото на Украина. Имено, Судот заклучил дека обелоденувањето на ХИВ-статусот е строго регулирано со закон и не може таквата информација да се споделува со лица што не се наведени во самата регулатива, односно ограничувањето на правото на приватен и семеен живот е незаконско. Дополнително, Судот смета дека обелоденувањето на дијагнозата на претпоставените на жалителката е исто така повреда на правото на приватен и семеен живот.

Во однос на размислувањето на украинските судови, може да се воочи дека и покрај тоа што регулативата нуди задоволително ниво на заштита на човековите права и слободи, нејзината примена била сосема спротивна и резултирала со дополнителна повреда на правото на приватен и семеен живот на жалителката.

Од друга страна, може да се воочи пристрасното размислување на судот против жалителката, со тоа што тој го оправдал обелоденувањето на здравствената состојба на жалителката на нејзината мајка со образложението дека на тој начин жалителката ќе имала поддршка во справување со ситуацијата (!).

РЕЗИМЕ

Илустрираните случаи се од особено значење бидејќи фактите од случаите се слични или исти со случаите на кршење на човековите права и слободи на лицата што живеат со ХИВ регистрирани во Република Северна Македонија. Оттаму, случаите можат да служат како насока за постапување при идни случаи на кршење на човековите права и слободи. Со оглед на тоа што законодавната рамка во илустрираните случаи од другите земји е слична или речиси иста со онаа во нашата држава, може да се заклучи дека институционалната (не)заштита на човековите права и слободи зависи од лицата што го спроведуваат законот, а не од формулацијата на правните документи.

Од друга страна, посочените случаи говорат за фактот дека одбивањето здравствена услуга на лица што живеат со ХИВ се смета за дискриминација и не постои правен основ или здравствен основ за таквото одбивање, доколку се применуваат стандардните мерки за заштита како и за сите пациенти. Дополнително, имајќи ги предвид стигматизирачките ставови и предрасуди околу ХИВ, здравствените работници треба сериозно да се посветат на зачувување на доверливоста на медицинските податоци, вклучително и на ХИВ-статусот. Во спротивно, надлежните тела треба да ги искористат своите законски овозможени механизми за да ја осигураат заштитата на правата на лицата што живеат со ХИВ.

Во таа насока, препорачуваме институциите кои вршат надзор врз уживањето на човековите права и слободи, особено на правата на лицата што живеат со ХИВ, да ја применуваат законската рамка, имплементирајќи ги стандардите и принципите на Европскиот суд за човекови права. Дополнително, укажуваме дека надлежните институции при своето дејствување не треба да постапуваат пристрасно, особено ако таквото пристрасно дејствување е исклучиво поради здравствената состојба на лицата што живеат со ХИВ.

Издавач Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје

Уредник Атанас Аврамов

Лектура Татјана Б. Ефтимоска

Графичка обработка Јован Петрушевски

Печати Друштво за графичка дејност, трговија и услуги ПОЛИЕСТЕРДЕЈ ДООЕЛ експорт импорт Скопје

Тираж 140

Скопје, 2023

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616.98:578.828.7]:342.726(497.7)(041)

ХИВ и човековите права : добри практики за разрешување повреди на човековите права и слободите на луѓето што живеат со ХИВ / [уредник Атанас Аврамов]. - Скопје : Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ Заедно посилни, 2023. - 10 стр. : илустр. ; 22 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-66936-1-9

а) Болни од сида -- Човекови права -- Македонија -- Брошури

COBISS.MK-ID 59272709

Оваа публикација е издадена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје и не ги одразува ставовите на Европската унија.

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ

Скопје